Д-Р **СТЕФАН ГОГОВСКИ**
АСИСТЕНТ

# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ КАКО ЦРКОВЕН ОБНОВИТЕЛ ГРАДИТЕЛ И ВОЗОБНОВИТЕЛ

## МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА И ПАТОТ ДО ВОЗОБНОВУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

Во 1767 година, во времето на охридскиот архиепископ Арсениј II (1763-1767), под влијание на константинополскиот патријарх Самоил Ханџери (1763-1768), од страна на османлискиот султан Мустафа III (1717–1774), со ираде, неканонски, била укината Охридската архиепископија. Од тој момент македонскиот народ постојано му се молел на Бога за што поскоро обновување[1]. По Втората светска војна (1937 –1945) и конституирањето на македонската држава во рамките на Југословенската Федерација, се создале поволни услови за обновување на Охридската архиепископија. Македонскиот народ, заедно со своите свештеници, во текот на Народноослободителната војна издејствувале создавање Верско поверенство. Веднаш потоа во селото Издеглавје било

1 Сп. Митрополит Јосиф, „Прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква на третиот македонски црковно-народен собор“, во *Огледало, Тетовско-гостиварска епархија,* 8–9 (2017), 8–21, овде 9; И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, том 1, София 1995, 119–155.

одржано свештеничко собрание и била донесена одлука за отфрлање на секоја туѓа црковна јурисдикција[2]. Со овој потег е започнат процес за организирање на црковниот живот во Македонија. Како резултат на ваквиот чекор, на 4 и 5 март 1945 година во Скопје иницијативниот одбор, кој бил формиран 1944 година во селото Горно Врановци, го свикува Првиот македонски црковно-народен собор, на кој се донесува Резолуција за обновување на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква. Српската црква, секако, не ја прифатила Резолуцијата, изјаснувајќи се дека не може да признае автокефалност, па, така, сосем природно, била свикана свештеничка конференција, која се одржала на 9 и 10 мај 1946 година, на која се донела нова резолуција, со која се барала автономија од СПЦ, но и таа не била прифатена[3]. Како што забележува проф. Дејан Борисов, во 1950 година за патријарх на СПЦ бил избран Викентиј, а Македонците се согласиле да ја признаат јурисдикцијата на СПЦ доколку добијат двајца епископи (Доситеј, Епископ топлички, и прота Тома Димковски да бидат ракоположени за епископи), доколку македонскиот јазик се употребува во сета црковна администрација и книговодство на територија на Македонија и доколку низ епархиите бидат поставувани само клирици од Македонија. Во 1951 година, со дозвола од новиот српски патријарх, епископот топлички Доситеј ја посетил Македонија, а во 1954 година Архијерејскиот собор на СПЦ дал согласност за избор на епископи за македонските епархии: Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка. Ова било потврдено и од патријархот Викентиј при неговата посета на Македонија во 1958 година, но по враќањето во родната патрија мислењето е променето, односно позициите на СПЦ биле оставени онака како што биле установени пред војната[4].

Дури по едно цело десетлетие, македонскиот народ успеал да ја возобнови Охридската архиепископија. Древната црква била возобновена на Вториот македонски црковно-народен собор одржан во Охрид од 4 до 6 октомври 1958 година[5]. За нејзин прв поглавар, со титула „Архиепископ охридски и скопски и Митрополит македонски“, бил избран Неговото блаженство, Доситеј, дотогаш епископ топлички, викарен епископ на патријархот на СПЦ Викентиј[6]. Одлуката за самостој-

2 *Ibid.*, 10.

3 *Ibid.*, 11.

4 Д. Борисов, „За автокефалноста на МПЦ-ОА“, во *Коинонија, Австралиско-сиднејска епархија,* 1–2 (2017), 21–30, овде 27.

5 Сп. Д. Зајковски, „По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767–2017) и 50 години од прогласувањето на автокефална МПЦ (1967–2017)“, во *Кинонија, Австралиско-сиднејска епархија,* 1–2 (2017), 09–12, овде 12.

6 Сп. Д. Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј,* Скопје 1995, 28.

ност (автономија) на МПЦ била потврдена со отслужување заедничка архијерејска литургија со српскиот патријарх Герман во јули 1959 година во храмот „Св. Мина“ во Скопје. Во 1962 г. во посета на МПЦ доаѓа и патријархот московски и на цела Русија Алексеј, кој придружуван од неколку митрополити на РПЦ, на празникот на Светите Кирил и Методиј (24 мај), во црквата „Св. Богородица – Каменско“ во Охрид, сослужувал со Неговото блаженство Доситеј и патријархот српски Герман. Овие посети и сослужувања се потврда за добриот пат на развој на обновената ОА во лицето на МПЦ, но, сепак, во 1966 година односите со СПЦ се влошуваат, бидејќи српската црква не давала никаков сигнал на сестринство, туку, напротив, се трудела да го задржи, според нив, историскиот српски простор, политика за која македонскиот народ и црква имале сосема различен став. Па, така, САС на МПЦ на 17 јули 1967 година го свикува Третиот црковно-народен собор во Охрид, на кој Македонската православна црква се прогласува за автокефална, додека чинот на прогласувањето на автокефалноста на МПЦ бил извршен на светата архијерејска литургија во црквата „Св. Климент“ во Охрид, на 19 јули 1967 година, точно 200 години по укинувањето на Охридската архиепископија[7].

## АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ, ПРЕЗЕМАЊЕТО НА ПОГЛАВАРСКОТО КОРМИЛО И ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ВОЗОБНОВЕНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МПЦ

Службениот весник на МПЦ, кој во јануари 1959 година е прогласен за официјален весник на Македонската православна црква[8], а произлезен како рожба од Црковно-народниот собор одржан во Охрид од 4 до 6 октомври 1958 година, на кој во присуство на 219 делегати се донесени низа важни и историски одлуки во однос на нашата Македонска православна црква – Охридска архиепископија, поточно обновувањето на древната Охридска архиепископија и изборот на прв Архиепископ охридски и скопски и Митрополит македонски во лицето на Неговото блаженство Доситеј, свечено устоличен на 5 октомври 1959 година во храмот посветен на Св. Климент во Охрид, како и изборот на епископите за Преспанско-битолската, Неговото преосвештенство Климент (Никола Трајковски) со 191 гласа, и за Злетовско-струмичката епархија,

7 Сп. Д. Зајковски, „По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767–2017) и 50 години од прогласувањето на автокефална МПЦ (1967-2017)“, *op. cit.*, 12.

8 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 01/01 (1959) Скопје, 4.

протосингелот Наум со 139 гласа[9], свечено го објавува, покрај устоличувањето на Неговото блаженство Доситеј и другите епископи, и усвојувањето на првиот Устав на МПЦ[10]. Како што стои напишано во вториот број на овој весник: „Неговото блаженство, преземајќи го кормилото на Македонската православна црква во свои раце, отпочна заедно со своите соработници, да делува во лозјето Господово со неизмерна желба за да ги испише со златни букви првите страници на Св. Климентовата Црква, т.е. со такви богоугодни и општонародни дела, кои ќе послужат за пример на идните поколенија“[11]. Неговото блаженство веднаш започнало со организирање на црковниот клир преку повикување на завршените богослови да примат свештенички чин, ракополагање монаси, јеромонаси и поставување игумени по манастирите, со цел зачувување, односно возобновување на монашкиот живот, но пројавил и посебна грижа околу уредувањето на манастирите[12].

Внатрешното црковно организациско дело на архиепископот Доситеј се согледува и по организираноста на богослужбен план, односно воведувањето еднообразие во поглед на богослужението по Ерусалимски типик во сите цркви и манастири. Исто така, уште во првите денови како избран архипастир на МПЦ, пројавил грижи по прашањето за подигање нови цркви и манастири, како и подигнувањето акција за подигање соборна црква во Скопје. На просветен план, пак, биле донесени одлуки за печатење молитвеници на македонски јазик, потребни богослужбени книги и друга црковна литература, со што би се задоволила потребата на свештенството и на верниците[13]. Заложбата и насоките од страна на архиепископот Доситеј неколку години подоцна вродиле со плод, така што било преведено и испечатено првото издание на Новиот завет на македонски јазик во 1967 година, кога, впрочем, е донесена одлуката за прогласување на автокефалност, како и превод на Апостолот, Православен молитвеник и друга теолошка литература[14].

9 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 01/01 (1959) Скопје, 19.

10 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 01/01 (1959) Скопје, 20.

11 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 02/01 (1959) Скопје, 2.

12 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 02/I (1959) Скопје, 2.

13 Сп. Службен весник на МПЦ, *Гласник* 02/I (1959) Скопје, 4.

14 Службен весник на МПЦ 04/IX (Скопје 1967), 132.

# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ КАКО ЦРКОВЕН ОБНОВИТЕЛ, ГРАДИТЕЛ И ВОЗОБНОВИТЕЛ

Не одложувајќи го започнатото дело за возобнова на Македонската православна црква, архиепископот Доситеј веднаш презел сериозни чекори и во поглед на црковното градителство, чекор што бил од клучно значење за сите верни чеда на МПЦ. Па, така, како на територијата на СР Македонија така и во дијаспората, односно насекаде каде што се наоѓале православните македонци (Австралија, Канада, САД и Европа), презел иницијатива за организирање на црковните општини, во кои подоцна ќе се изградат и првите македонски православни храмови. Впрочем, првиот македонски православен храм изграден надвор од територијата на Македонија е храмот посветен на Св. вмч. Георгиј во Мелбурн – Австралија, осветен од страна на Неговото преосвештенство, Епископот злетовско-струмички Наум, на 7 август 1960 година[15]. Истата година се осветени уште неколку храма, односно храмот „Св. Мина“ во село Вруток – Гостивар, на 25 септември[16], и храмот „Свети Јован Крстител“ во населба Капиштец – Скопје, на 2 октомври, каде што за игуменија е поставена сестра Фефронија[17]. Пожелно е да се посочи дека во периодот од 1958 до 1960 година вкупниот број осветени храмови на територијата на СР Македонија, како и во дијаспората, изнесувал 9 храма, но во следните години бројот се умножил. Па, така, во времето на пастирствувањето на архиепископот Доситеј (1958–1981), вкупниот број осветени македонски православни храмови изнесувал 186, поточно 32 новоизградени и осветени храмови во Скопската епархија, 39 во Преспанско-битолската, 26 во Злетовско-струмичката, 22 во Дебарско-кичевската, 21 во Полошко-кумановската, 7 во Повардарската епархија, 20 во Австралија, 4 во Канада и 15 во САД[18]. Вкупниот број осветени, односно новоподигнати македонски православни храмови навистина остава делата да зборуваат за тоа колку плодотворна е, всушност, работата на првите македонски архијереи од доморородно потекло на Македонската православна црква, на чие чело стоел Неговото блаженство Доситеј.

Во 1963 година Македонската православна црква го прославила својот петгодишен јубилеј од обновувањето на Охридската архиепископија. Оваа година, колку и да е радосна за цела-

15 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04-05/II (1960) Скопје, 115.

16 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04-05/II (1960) Скопје, 128.

17 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04-05/II (1960) Скопје, 129.

18 Сп. Д. Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј, op. cit.,* 246–252.

та Македонска православна црква и народ, сепак, во сеќавањето на секој Македонец ќе остане како трагична, од причина што престолнината на Македонија – градот Скопје, доживеал катастрофален земјотрес на 26 јули 1963 година. Всушност, во запишаното слово посветено за животот и делото на архиепископот Доситеј од Доне Илиевски, кој во периодот од 1953 до 1973 година ја извршувал функцијата секретар и потпретседател на Републичката комисија за верски прашања на Македонија, стои напишано дека на територијата на градот Скопје голем дел од новоподигнатите, но и постари храмови, биле разрушени или оштетени од земјотресот, како што е храмот „Св. Димитрија", потоа „Св. Ѓорѓи" – Чаир, „Св. Петка", „Св. Спас" – Маџари, „Св. Ѓорѓи" – Петровец, „Св. Спас" – Драчево, и други[19]. Во секој случај, во однос на црковното уредување во времетраење од првите пет години плодотворна архипастирска дејност на архиепископот Доситеј, покрај изградбата и обновата на оштетените храмови во главниот град Скопје, пожелно е да се забележат неколку важни одлуки и настани во поглед на организирањето на црковниот живот во дијаспората:

-актот за испраќање македонски свештеник во Гери – Индијана (САД), по молба на тамошните иселеници, како и иницирање изградба на прв македонски храм во Гери – Индијана, САД, посветен на Св. апостоли Петар и Павле[20], кој подоцна, на 14 јули 1963 година, е осветен од страна на Неговото блаженство Доситеј;

-во 1962 година, при посета на Неговото преосвештенство, епископот злетовско-струмички Наум во Торонто – Канада, иницирано е формирање црковен одбор, кој имал цел да го организира црковниот живот преку организирање на македонските иселеници, како и собирање средства за купување земјиште и изградба на прв македонски храм во Канада. Тоа е направено за една година и во 1963 година е започната изградбата на храмот посветен на Св. Климент Охридски. Како парохиски свештеник е поставен член на тогашната делегација што ја посетила оваа црковна општина, поточно протојереј-ставрофор Кирил Стојановски[21]. Храмот е осветен во 1965 година[22].

При едно интервјуирање на архиепископот Доситеј во 1965 година од страна на списанието на Матицата на иселеници од Македонија, а по повод престојот во Канада и САД во јуни 1965

19 *Ibid*., 247.

20 Повеќе информации за градот Гери (Индијана) и македонските иселеници, како и за првиот македонски православен храм на територија на САД види Службен весник на МПЦ 05-06/V (септември–декември 1963) Скопје, 142.

21 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 05-06/V (1963) Скопје, 131.

22 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 06/VII, (1965), Скопје, 203.

на Неговото блаженство, на архиепископот му се поставени прашања околу возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, организирањето на новонастанатите црковни општини во САД, Канада и во Австралија, како и прашање поврзано со подигнувањето и осветувањето на нови македонски православни храмови. Овде тој ја нагласува важноста и потребата на процесот на македонското национално осознавање во минатото, бидејќи, како што вели самиот, *„создавањето на македонски црковни општини во странство е дел од тој процес“*, каде што, продолжува, *„при наличноста на слободна македонска држава и македонска православна црква, кај нашите иселеници се засили гордоста за своето минато, се јави желба да го организираат својот духовен живот во свои македонски црковни општини, по пример на другите народности во новите татковини. Се јави широко движење за приоѓање во крилото на Мајката – Македонската православна црква“*. Исто така, во интервјуто Неговото блаженство полага надеж дека сите македонски општини во дијаспората ќе успеат да подигнат свои храмови и на тој начин правилно да го организираат црковниот живот во нив *„за да се најдат во прегратките на Мајката – МПЦ, бидејќи тоа е природниот пат“*[23], што, впрочем, и се случи. Она што, е исто така, значајно од случувањата во 1965 година е осветувањето на храмот „Св. Успение Богородично“ во Колумбус – Охајо (САД), извршено од страна на Неговото блаженство Доситеј на 9 мај истата година[24], со кое уште еднаш се потврдува неуморното неимарство на македонскиот архипастир при возобновувањето на Македонската православна црква. Значајно е да се забележи и поздравното слово од патријархот московски и на цела Русија Алексеј, испратено до архиепископот Доситеј во 1965 година, кое е видено како едно своевидно признание за неуморноста на архиепископот. Во него, покрај братскиот поздрав, патријархот ја подвлекува и важноста на Македонската православна црква, гледајќи ја како *„основоположник на христијанството меѓу словенските народи“*. Исто така, во поздравот на Неговата светост, тој ја нагласува радоста од посетата на Македонија и Охрид во 1962 година, како и средбата со Неговото блаженство архиепископот Доситеј и верните чеда на МПЦ, која ја чува како *драг и мил спомен*[25]. Од овој и слични на него поздравувања, несомнено е дека ликот и делото на Неговото блаженство Доситеј се почитувани, односно препознавани од страна на мнозина, не само по неговата блажена смрт туку и низ неговиот живот и пастирствување.

23 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/VII, (Скопје 1965), 134.

24 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/VII, (Скопје,1965), 138.

25 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 05/VII (Скопје 1965), 169 .

## МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА И ПРОГЛАСУВАЊЕТО ЗА АВТОКЕФАЛНА ВО 1967 ГОДИНА

Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, благодарение на влошените односи со Српската православна црква, која останала цврсто на ставот да не го чуе гласот на македонскиот православен народ, кој јасно се изјаснил околу правото на самостојно црковно уредување, не можејќи повеќе да остане рамнодушен, го свикува Третиот црковно-народен собор, со заседание во Охрид од 17 до 19 јули 1967 година, каде што на седниците се донесуват следниве одлуки:

-17 јули – Одлука за измена и надополнување на Уставот на МПЦ, поточно на членовите 11, 12 и 56, чија промена има цел отворање две нови епархии: Величка и Американско-канадско-австралиска;

-18 јули – Одлука на Светиот синод за конечното обновување на Охридската архиепископија и прогласување автокефалност на Македонската православна црква;

-18 јули – Одлука за устоличување на поглаварот на автокефалната Македонска православна црква во ново достоинство Архиепископ охридски и македонски[26].

Со последните две особено важни одлуки, првпат по 200 години од неканонското укинување, Охридската архиепископија, во лицето на Македонската православна црква, покрај тоа што е возобновена, прогласена е и за автокефална, односно вратен ѝ е долговековниот канонски статус. Со други зборови, архиепископското достоинство на автокефалната Македонска православна црква соодветствува со достоинството што го имала автокефалната Охридска архиепископија. Токму затоа, достоинството *архиепископ охридски* на поглаварот на автокефалната Македонска православна црква одговара на достоинството на архиепископите на Охридската архиепископија. Дополнувањето на титулата на архиепископот охридски со зборовите „*и македонски*“ доаѓа според примерот на другите помесни цркви и го симболизира националниот белег на архиепископијата како автокефална црква на слободниот македонски народ[27].

Што се однесува до нејзиното внатрешноцрковно уредување, САС на МПЦ во 1967 година е составен од следните членови: Неговото блаженство, Архиепископот охридски и македонски, Доситеј; Неговото високопреосвештенство, Митрополитот преспанско-битолски, Климент; Неговото преосвештенство, Епис-

26 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/IX (Скопје 1967), 98.

27 МПБ „Св. Климент Охридски“, *Педесет години македонска православна богословија „Свети Климент Охридски (1967–2017)*“, Скопје 2017, 25.

копот злетовско-струмички, Наум; Неговото преосвештенство, Епископот велички, Методиј; Неговото преосвештенство, Епископот американско-канадско-австралиски, Кирил[28] (устоличен на 12 јули 1967 година за Епископ тивериополски[29]). Состојбата на МПЦ во моментот на прогласување на автокефалноста во 1967 година, пак, била следната:

-Свет архијерејски синод на МПЦ, сочинет од архиепископот, Неговото блаженство Доситеј, два епархиски и два викарни архијереи;

-Митрополитски црковно-народен собор, сочинет, покрај од членовите на САС на МПЦ и од уште 24 свештеномонаси и 15 световни членови;

-Митрополитски соборски управен одбор од 10 члена;

-Митрополитски црковно-судски совет од 5 члена;

-Митрополитски црковно-просветен совет од 15 члена;

-при надлежните епархиски архијереи во епархиите суштествувале и Епархиски собранија, Епархиски управен одбор и Епархиски црковно-судски совети, додека на подрачјето на трите (дотогашни) епархии постоело 21 архијерејско намесништво;

-МПЦ располагала со 814 црковни општини и манастирски управи. Црковните општини во 1967 година се распоредени во 350 парохии со парохиски свештеници, а во манастирите – јеромонаси, монаси и монахињи, додека во богословиите (на СПЦ) и на Теолошкиот факултет (во Белград) се образувале повеќе од 60 лица. Исто така, под јурисдикција на МПЦ се наоѓале и уште шест црковни општини и повеќе иницијативни одбори за создавање црковни општини во дијаспората, односно во САД, Австралија и во Канада.

-на просветно-информативен план, пак, МПЦ редовно го издавала својот службен лист *Весник*, но вршела и преводи на богослужбена литература од огромно значење, како што е извршениот превод на Св. писмо на македонски јазик, односно Новиот завет, потоа превод на Апостолот, Православен молитвеник и други книги[30].

Бидејќи прогласувањето на автокефалноста на МПЦ е од особено црковно, историско, културно и национално значење, пожелно е да се посочи на два фрагмента од две поздравни слова на архиепископот Доситеј, бидејќи прогласувањето на автокефалноста е клучна и особено важна кога се во прашање понатамошната дејност и развој на возобновената Охридска архиепископија во лицето на МПЦ, како што, впрочем, се и настаните од 4 март 1945 и 4–6 октомври 1958 година. Па, така, во првото поздравно слово на Неговото блаженство, архиепископот Доситеј,

28 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/IX (Скопје 1967), 99.

29 Службен лист на МПЦ, *Весник* 05/IX (Скопје 1967), 166–171.

30 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/IX (Скопје 1967), 132.

читаме: *„Ако еднаш бевме робови во подјармената ни Татковина, никојпат повеќе нема да дозволиме да бидеме туѓи во слободната ни Држава!“*[31], додека во второто поздравно слово по повод прогласувањето на автокефалност на МПЦ, кажано на 18 јули 1967 година во храмот „Св. Климент“ во Охрид, ги забележуваме следниве торжествени зборови:

*Почитувана господо, драги соборјани, чувствувам безгранична радост што ми се падна ретката чест, како син на македонскиот народ, денес прв да го ставам потписот под најзначајниот документ во последните 200 години од животот на Македонската православна црква и прв во името на Светиот архијерејски синод, пред Вас мили соборјани, пред целиот македонски народ, пред црковната и општествената јавност, гласно да ја соопштам најрадосната вест, дека денес во Светиклиментовиот храм, точно во 9 часот и 30 минути, во моментот кога го чуите ѕвонот на камбаните, Светиот архијерејски синод ја прогласи автокефалноста на Македонската православна црква, како природна наследница на обновената св. Климентова Охридска архиепископија. Со донесувањето на оваа историска Одлука, Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква изврши со архијерејска одговорност само еден историски долг пред православниот и целиот македонски народ; задоволувањето на двевековните желби и исправање една историска неправда*[32].

# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ И ЗАЛОЖБИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ ОБРАЗОВНО-ПРОСВЕТНИ ЦЕНТРИ

## МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА БОГОСЛОВИЈА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

Благодарение на асимилаторската политика на великосрпскиот режим кон македонскиот народ, како и непогодите и неповолните услови на образовен план во богословиите на СПЦ, бројот на млади богослови Македонци на кои им било овозможено да се запишат во богословиите бил секогаш рестриктивен и недоволен за потребите на македонското православно население и црква. И покрај настојувањата на македонските државни и црковни власти, како во периодот на Кралството Југославија (1918–1941) така и во периодот на нововостановената СФРЈ (1945–1992), состојбата останала непроменета. Токму затоа, Македонската православна црква чувствувала силна потреба за организирање на воспитно-образовниот процес, со цел поорганизирано и по-

31 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/IX (Скопје 1967), 135.

32 Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/IX (Скопје 1967), 143.

бројно школување на богослови Македонци. По природата на нештата, ваквата состојба морала да се промени час поскоро, односно можела да се толерира сè до 1967 година, поточно до моментот на прогласување на автокефалност, но не само поради посилно почувствуваната потреба за образовен кадар на млади богослови туку и затоа што драстично се заострил односот кон МПЦ и македонските богослови од страна на СПЦ, кои барале од македонските богослови да ги прекинат сите контакти со МПЦ и нејзините епископи и да се стават во служба на СПЦ. Имајќи ја предвид оваа неиздржлива положба, на иницијатива на Неговото блаженство, Доситеј, САС на МПЦ во 1967 година донесува одлука за отворање Македонско богословско училиште[33]. Стои напишано во службениот весник на МПЦ:

*САС на МПЦ на својата седница од 26ти септември 1967 година, под Син. Бр. 38. (зап. Бр. 12) 67, донесе одлука за отварање на македонско богословско училиште. Со одлука број 44 (зап. 13/67) за ректор на Богословијата е назначен професорот-теолог Борис Бошковски. За главен воспитувач е поставен прота Трајан Митревски. Богословијата ќе го носи името на патронот на Македонската православна црква – Свети Климент Охридски. Учениците, околу 70 во сите класови, ќе живеат во интернат, а сместени се привремено во конаците на манастирот Горни Свети Илија – Бањани, Скопско. Свеченото отворање на Богословијата беше на 31 октомври 1967 година, во 11 часот*[34].

Редовната настава во Македонската православна богословија, видена како наследничка на Охридската книжевна школа, која функционира како среднообразовен богословски центар, со цел од него да се роди идниот клир на МПЦ, започнала на 1 ноември 1967 година[35]. Во првата година редовни ученици млади богослови на број биле 68, и еден слушател, од кои само двајца ученици од првиот клас доброволно се откажуваат[36]. Како што секое дело во својот почеток наидува на тешкотии така и Богословијата се соочила со сериозни предизвици. Проф. Борис Бошковски забележува дека тоа се должи на недостигот на учебници и тешкотиите при патувањето до Богословијата, од причина што не постоела директна автобуска линија до манастирот, што, впрочем, го отежнувало наставниот процес. Но, сепак, упорноста во доброто дело, како од страна на наставниот кадар така и од страна на самите богослови, вродило со плод. Постепено се создала скром-

33 Сп. Д. Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј, op. cit.*, 122–123.

34 Службен лист на МПЦ, *Весник* 05/IX (Скопје 1967), 192.

35 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 05/IX (Скопје 1967), 194.

36 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/X (Скопје 1968), 156.

на библиотека од подарени и купени книги, а наставниците неуморно ги запишувале лекциите на машина за пишување, сѐ со цел да можат да понудат предавања во пишан формат за своите ученици. На тој начин тие достојно и одговорно ја извршуваат својата просветна должност, придонесувајќи да се нормализираат условите на целокупниот образовен процес, кој е утврдено со одлука од Светиот архијерејски синод да трае пет години, што е случај и денес. Воедно, првото полугодие во првата учебна година во Горни Свети Илија морало да се стави во мирување, односно порано да заврши, поради тешките временски услови со кои се соочиле учениците и нивните претпоставени, така што, на 18 март 1968 година, на младите богослови им бил соопштен нивниот постигнат успех. Сепак, добрата организираност на просветниот кадар овозможило продолжување на наставата во подоцна започнатото второ полугодие, кое се одвивало непрекинато сѐ до крајот на учебната 1967–1968 година, со нејзино завршување на 15 јуни. Средниот успех во првата учебна година бил 3,56[37]. По една година престој на првите богослови во привремените простории во манастирот Горни Свети Илија – Скопско, изнајдено е трајно решение Богословијата да се премести во Драчево – Скопје[38]. На тој начин се овозможила непрекината работа на Македонското богословско училиште, кое до 1995 година успешно го завршиле 364 богослови, а до 2021 година – околу 920.

Благодарение на успешно востановениот образовно-воспитен кадар, во клупите на МПБ „Св. Климент Охридски“ веќе повеќе од половина век се образува и се оформува иднината на возобновената Светоклиментова црква. Ова значи дека Македонската православна богословија е од клучно значење кога станува збор за возобнова на Македонската православна црква, бидејќи младите македонски богослови повеќе од 50 години ја посејуваат македонската плодна почва со духовност, придонесувајќи Македонската православна црква да биде секогаш на висината на задачата – духовно кормило на македонскиот народ на патот на спасението.

## ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

Благодарение на забележливите позитивни резултати на генерациите млади богослови, кои успешно го завршувале среднобогословскиот образовен циклус, значително се зголемил интересот кај нив за понатамошно усовршување во богословската наука. Па, така, повторно по иницијатива на Неговото

37 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 04/X (Скопје 1968), 157.

38 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 05/X (Скопје 1968), 182.

блаженство Доситеј, била поведена иницијатива за основање богословски факултет на Македонската православна црква. Иницијативата на Архиепископот охридски и македонски Доситеј била едногласно прифатена од останатите архијереи, што било потврдено со уредба (Уредба бр. 360, од 22.VII 1977) од страна на САС на МПЦ, донесена на 8 декември 1977 година[39]. Всушност, Неговото блаженство Доситеј ја објавува оваа одлука на прославата по повод 10-годишнината од самостојноста на Македонската црква, како и 10-годишнината од постоењето на Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ (8 декември 1977 година)[40].

Ваквиот потег на МПЦ е навистина смел, но и од голема важност за целокупната добробит на македонскиот народ и црква, бидејќи со основањето на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје како високпросветен центар, всушност, се комплетира богословскообразовниот процес на идните пастири на возобновената Светоклиментова црква, односно се задоволуваат потребите на МПЦ за идни просветни кадри, дипломирани теолози за архијереите што подоцна ќе бидат ракоположени за свештеници и ѓакони, како и за сите други потреби што ги има црквата. Всушност, важноста на ваквата одлука ја сместува МПЦ на мапата на помесни православни цркви не само од аспект на целосна самоуредувачка во поглед на нејзиното самостојно, односно внатрешно црковно уредување, но и на просветен план, кој е од особена важност за една православна црква, бидејќи образовниот процес, од моментот на функционирањето на Богословскиот факултет до денес, се извршува на македонски мајчин јазик – фактор што не треба никогаш да се занемари, со оглед на репресиите и асимилаторските политики претрпени во минатото од страна на сестринските православни цркви и народи.

Она што е важно да се напомене во поглед на свеченото отворање на Богословскиот факултет се зборовите на Борис Кр. Бошковски запишани во службениот лист *Весник* на МПЦ, каде што стојат овековечени:

*На 26.12.1977 година, нашиот Архиепископ, во присуство на Деканот, студентите и професорите на факултетот, отслужи молебен – призив на Светиот Дух во храмот „Свети Јован Крстител“ – Капиштец. Потоа се изврши осветување на факултетската зграда. По тој повод Неговото блаженство, меѓу другото, рече: „Му благодариме на Бога со сета душа, со сето срце и со сиот наш разум за Неговата милост и благодатната помош во нашите повеќегодишни планирања и напори за отворање на високообразовна*

39 Сп. Д. Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, op. cit., 128.

40 Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 116.

*институција на Светиклиментовата Македонска православна црква. Желбите и сознанието за неопходност од отворањето на богословски факултет ги носиме веќе подолго време“. Подвлечениве зборови се потврда и доказ дека Архиепископот, како носител на сите иницијативи и активности во нашата Црква, од поодамна мислел и планирал за отворање на факултетот, но условите дури при крајот на годината 1977 година “узреале“ планираното да се реализира.* ***Отворањето на нашиот Богословски факултет, изгледа, беше една од последните големи желби на Неговото блаженство, исполнети тука на земјава.*** *Со оваа тој до крај го исполни заветот што го даде во Охрид (1958 година) пред Бога, како и пред нашите просветители – св. Климент и св. Наум*[41].

На свечениот чин на отворањето на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, архиепископот Доситеј во својот говор, впрочем, вели:

*Денес во овој свечен миг го отвораме Православниот богословски факултет на Светиклиментовата Македонска православна црква. Уште во месец октомври 1974 година, Црковно-народниот собор, одржан во нашиот ставропигијален манастир „Света Богородица“ – Калишта, во своите заклучоци ни препорача усилено да работиме за што побрзо отворање на ваква висока просветна и богословско-научна институција, во која ќе се подготвуваат идните кандидати за најодговорните служби во нашата Црква […] Факултетот ќе работи во масивната зграда на манастирот „Свети Јован“ – Капиштец, во Скопје. Уште во текот на овој месец ќе започнат предавањата. Со прочитувањето на Указот и Уредбата, Православниот богословски факултет на Светоклиментовата Македонска православна црква го прогласуваме за отворен*[42].

Со поздравното слово на Неговото блаженство Доситеј, кој, воедно, е виден и како благослов за плодотворна работа, а упатен до деканот на факултетот, Неговото високопреосвештенство Гаврил и професорите, Богословскиот факултет започнува со вршење на дадената високопросветна задача, која до наши дни непрекинато се одвива и на годишно ниво ги бере плодовите преку своите дипломирани студенти. Успехот на младите теолози говори сам по себе за доследноста на Македонската православна црква, која достоинствено продолжува по стапките на својот патрон, Свети Климент Охридски. Впрочем, Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски“ оваа година прославува 44 години од основањето, години во кои вкупниот број запишани студенти изнесува 1470, додека од нив вкупно дипломирале 426 студенти. Овогодинешниот јубилеј на Богословскиот факултет, кој

41 Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 116.

42 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 06/XIX (Скопје 1977), 181.

заедно со 54-годишното постоење на Македонското богословско училиште зборуваат за важноста, неуморноста и одговорноста што ја поседуваат овие два просветни центри на Македонската православна црква, а се плод на далековидноста на блаженоупокоениот Архиепископ охридски и македонски, Доситеј, без чие залагање не ќе беше можно да се создадат плодни услови за раст и развој на македонската црква воопшто, ниту, пак, македонскиот народ би можел слободно да бивствува во прегратките на својата мајка црква, а исто така, и македонскиот богослов не би можел да расте во духовноста, насладувајќи се веќе половина век од педагошко-богословскиот пишан и искажан збор на мајчин македонски јазик.

## СМРТТА НА АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ И СОСТОЈБАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ВО МОМЕНТОТ НА НЕГОВОТО УПОКОЈУВАЊЕ

Стои напишано во службениот лист *Весник* на Македонската православна црква:

*На 75-годишна возраст, по долго, но не тешко боледување, на 20 мај 1981 година, почина Поглаварот на Македонската Православна Црква, Архиепископ охридски и македонски Доситеј. Тој, како кротко Христово јагне, и од болничката постела побара од сестринската Српска православна црква вистински православна љубов за својата Црква, за Црквата која низ мачното минато на Македонецот крварење на својата Голгота заедно со својот народ. Со својот последен потпис побара да му се признае историското право на македонскиот народ слободно и непречено да се развива и усовршува во духот на светото Христово Евангелие, воден и раководен од својата родна Мајка – Свеоклиментовата Македонска православна Црква*[43].

Смртта на архиепископот Доситеј одекнала силно во срцето на секој Македонец, затоа што македонскиот народ искрено го љубел својот архипастир. Љубовта е чиста затоа што поглаварот на Македонската православна црква, Неговото блаженство Доситеј, бил, во суштина, вистински духовен татко, пријател и собрат, како во маката така и во радоста на македонскиот народ. Делата на архиепископот Доситеј остануваат да сведочат за големината на неговата пожртвуваност, како и за несебичноста во поглед на својот народ и црква. Што се однесува, пак, до состојбата на Македонската православна црква во моментот на упокојувањето на Неговото блаженство Доситеј, таа изгледала вака:

-бројот на православни храмови до 1981 година во дијаспората е искачен на повеќе од 30[44];

-во времето на архиепископот До-

43 Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 72.

44 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 84.

ситеј, покрај редовното излегување во печат на службениот лист *Весник* на МПЦ, се издава и популарното списание *Воскресение*, како и списанието *Млад богослов*, кое е уредувано од страна на учениците на Богословијата[45];

-архиепископот Доситеј, по 23 години на нејзиното кормило како поглавар, во 1981 година ја остава МПЦ со 7 домородни архијереи, ракоположени лично од него, црква македонска составена од 8 епархии, 6 во СР Македонија и 2 во странство: Американско-канадската и Австралиската[46].

Пожелно е да се забележат зборовите на прота Славчо Петров во поглед на организираноста на МПЦ во времето на архиепископ Доситеј, кој вели:

*Делата што тој ги остави се многубројни, но и разновидни. Немаше област од црковниот живот во која тој не делуваше и не пројавуваше жив интерес, а сè со цел православниот македонски народ што подобро да се приведе кон Христа, што подобро да се евангелизира и облагороди душата на човекот. Проповедник на словото Божјо – за да ги научи луѓето на верата; со личен пример да ги придобие, да живеат со Христа; добар пастир – да ги собере овците во Христовата кошара; патриот – и по тој пат да му пријде до срцето на нашиот човек; организатор на нашата Светоклиментова Македонска православна црква, со цел поуспешно да ја изврши својата пастирска мисија среде својот македонски народ, кој страшно жалеше за укинатата црковна независност, но уште повеќе се радуваше на вратената-обновената слобода. Се радуваше затоа што одново му се даде можност, да го слуша словото Божјо на свој јазик од устата, на блиските му по бит, национално чувство, по душа и срце, домородни архијереи и свештеници... Блаженоупокоениот архиепископ Доситеј стана обновител на Охридската архиепископија, а, базирајќи се на нејзината историја и дух, веднаш по обновувањето сесрдно и искрено, како чисто православно македонско чедо, се зафати да ја организира, постави на вистински православни основи, на организирани црковни институции, не отстапувајќи од канонитe, од осветенатa православна традиција, при што се поучуваше од историјата, како на нашиот црковен живот и организација, така и на другите православни народи, посебно словенските и балканските, кои минале низ слични или исти историски судбини, особено која била во прашање црковната организација*[47].

Навистина делата говорат за големината на ликот на архиепископот Доситеј, како и за нивната важност, бидејќи Неговото блаженство Доситеј, наоѓајќи се во еден круцијален и особено сензибилен момент за ма-

45 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 86.

46 Сп. Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 102.

47 Службен лист на МПЦ, *Весник* 03/XXIII (Скопје 1981), 109.

кедонскиот народ и црква, од самиот почеток до самиот крај секогаш достоинствено стоел на висина на задачата – архипастирска возобнова на Светоклиментовата црква, која покрај тоа што татковски ја предводел, и духовно ја утврдувал. Токму затоа македонскиот православен народ му е особено благодарен за сè што сторил тој за него, бидејќи без неговото безрезервно вложување, патот на Македонската православна црква до состојбата во која се наоѓа денес, навистина би бил многу потрнлив, односно потежок. Сумирајќи во една реченица:

*онолку колку што се големи делата на Архиепископот охридски и македонски Доситеј толку е голем неговиот лик, кој преку неговите дела ќе живее вечно.*

# ARCHBISHOP DOSITEJ AS CHURCH RENEWER, BUILDER AND REFOUNDER


## SUMMARY

This article analyzes the historic path of the Macedonian people and its Orthodox Church toward restoring the Ohrid Archbishopric in the face of the Macedonian orthodox church, intertwining them with the life and work of the Archbishop of Ohrid and Macedonia Dositej (1924-1981), whose dedication is to renew, rebuild and refound the ancient Church of St. Clement of Ohrid. His deeds were unseen before in the history of the macedonian people. His work, as for example the founding of almost all church communities outside the teritory of Macedonia (USA, Canada, Australia), the founding of the first macedonian orthodox theological seminary and the orthodox faculty, played a significant and most important role in the renewal of the Macedonian orthodox church, which indeed speek for themselfs nowadays.